Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 83 2 јули 2012 година

јули 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област производно машинство, технологии и системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област организација на здравствена служба на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по хотелиерство” од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески од Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Претклиничка кариологија“ од насл. доц. д-р Лидија Поповска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Профилакса на орални болести“ од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 58

**ПРИГОВОР** од Владимир Арсов ........ 59

**ОДГОВОР** на Приговор од Владимир Арсов ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-128/16 од 19 април 2012 година, донесена на 26. седница на Наставно - научен совет на Економски факултет, одржана на 18 април 2012 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во соработничко звање ***асистент*** *за научната област меѓународна економија* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип во состав:

- доц. д-р Јанка Димитрова (претседател),
- проф. д-р Трајко Мицески.
- проф. д-р Ристо Фотов.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм“ на 3 април 2012 година и во предвидениот рок се пријавија следниве кандидати: м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, м-р Влатко Пачешкоски, м-р Елена Ѓуроска и Неда Калешовска.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип за избор на еден соработник, објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм“ на 3 април 2012 година, за научната област меѓународна економија, покрај другите пријавени кандидати се пријави и кандидатката м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева која ги достави потребните документи според Конкурсот, и тоа:

- пријава;
- уверение за државјанство;
- три копии заверени кај нотар од дипломата за постдипломски студии;
- магистерски труд во печатена форма;
- уверение за стекнат степен магистер на економски науки;
- кратка биографија во четири примероци;
- потврда од англиски јазик;
- копија од изјава-образец бр.1 од Комисијата за верификација на факти;
- список на објавени научни и стучни трудови и фотокопија од истите.

Од приложената документација на пријавените кандидати, според Конкурсот, може да се види следниов преглед:

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева** е родена на 25 јануари 1982 година во Штип, каде што завршува основно и средно образование.

Во учебната 2000/2001 се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први», отсек - Правни студии при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ и во 2004 год. се здобива со звањето дипломиран правник.

По завршувањето на студиите, во учебната 2005/2006 година се запишува на постдипломски студии на Економскиот факултет во Скопје, област европски студии, со што се здобива со научен степен магистер на економски науки.

Од август 2011 година, кандидатката е запишана на докторски студии на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј” во Скопје, Економски институт - Скопје, со пријавена

и одобрена тема за изработка на докторска дисертација со наслов ***„Ефикасност и ефективност на користењето на средствата од фондовите на Европска унија во Република Македонија”.***

Во 2005 година започнува со работа во Комората за обезбедување на лица и имот како соработник. Кон средината на 2007 година се вработува во „МиА Беверицис“ на позиција правник и личен асистент на финансискиот директор.

Од мај 2009 година работи како помлад асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип каде што покрива предмети како:

– Трговско право,
– Корпоративно управување,
– Меѓународни организации и интеграции,
– Социјална политика и пазар на труд во ЕУ,
– Царинска политика,
– Право и етика во здравствен менаџмент,
– Фармакологија и фармакоекономија.

Покрај активното користење на англискиот јазик, кандидатката има одлично познавање и на работа со компјутери: MS Office (Excel, Word, Outlook, Windows, Power Point) и Internet.

***Наставно - образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева достави список на објавени научни и стручни трудови со кои се согледува научната активност, а поважни се следниве:

1. „Правна рамка за користење на средствата од фондовите на ЕУ - со осврт на имплементацијата на ФАРЕ и КАРДС во Република Македонија” - одбранет магистерски труд, Економски факултет - Скопје, Универзитет „Свети Кирил и Методиј”, мај 2009 г.
2. „Имплементација на средствата од Програмата КАРДС во Република Македонија” - м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, Годишен зборник 2010, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” Штип, стр. 211-221.
3. „Имплементација на средствата од Програмата ФАРЕ во Република Македонија» - м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева, Годишен зборник 2010, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” Штип, стр. 223-235.
4. „Креирање онлајн бизнис во периодот по светската економска криза” - м-р Влатко Јовановски, Верица Атанасова-Јовановски, м-р Марина Радосављевиќ- Бојчева, Зборник 2010, Економски факултет - Прилеп.
5. „EU financial support for the Republic of Macedonia” - MSc. Marina Radosavljevik-Bojceva, MSc. Zoran Temelkov, Международна юбилейна научна конференция, Стопанска Академия „Д.А. Ценов“ - Свищов, Р.Бугарија, ноември 2011, стр. 491-497, Volume 1.
6. „Decrease poverty through entrepreneurship promotion and commencement of family business” - MSc. Marina Radosavljevik-Bojceva, MSc. Zoran Temelkov, Економски факултет, Бања Лука, Република Српска, 2011, 212-218.
7. „Нестабилноста во еврозоната и можните закани за нејзин колапс” - д-р Крсте Шајноски, м-р Емилија Митева-Кацарски, м-р Марина Радосављевиќ- Бојчева, Меѓународна научна конференција, Европски универзитет - Скопје, 2012, 428-435.

***Во процес на издавање:***

1. Прирачник Деловно право – проф. д-р Милан Илиески, м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева.
2. Книга Меѓународни трговски договори – проф. д-р Милан Илиески, м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева.

**Евалуација на трудот број 1:**

***„Правна рамка за користење на средствата од фондовите на ЕУ - со осврт на имплементацијата на ФАРЕ и КАРДС во Република Македонија"***

Европската унија во последните неколку децении, покрај тоа што посветува исклучително внимание на унапредувањето на економската и социјална кохезија меѓу земјите-членки на Унијата, посебно е заинтересирана и за обезбедување на поддршка на економскиот и општествениот развој на земјите кои се аспиранти за членство во Унијата.

Со цел да им се помогна на државите-аспиранти во нивните подготовки за пристапување, ЕУ овозможува финансиска поддршка која се спроведува преку т.н. надворешни инструменти ФАРЕ, САПАРД, ИСПА и КАРДС. Корисник на оваа финансиска поддршка од ЕУ е и Република Македонија со цел да ги воспостави бараните страндарди и реформи.

Во почетокот авторот ја опфаќа правната рамка за користење на средствата од фондовите на ЕУ, а потоа се фокусира на критериумите за помош од ЕУ (економско–социјалните, политичките и институционалните критериуми), институциите поврзани со финансиската помош од ЕУ (Европската комисија, Канцеларијата за европска помош, Европската агенција за реконструкција, Европскиот парламент и Советот на ЕУ).

Во продолжение авторот ја опфаќа политиката на ЕУ за економски и социјален развој, како и инструментите на ЕУ (внатрешни и надворешни) за спроведување на економската и социјална кохезија.

Авторот посебно внимание посветува на имплементацијата на ФАРЕ и КАРДС во Република Македонија, каде што помошта од 1996 год. била обезбедена преку Програмата ФАРЕ, а по 2000 година, помошта за Република Македонија продолжи да се одвива преку Програмата КАРДС. Во овој дел е прикажана и нивната цел како и приказ на искористените средства од двете програми преку реализираните проекти.

На крајот, авторот го опфаќа инструментот за претпристапна помош ИПА којашто има за цел да ја подготви Република Македонија за рамноправно членство во ЕУ и да и даде поддршка во развојот на нејзините економски, социјални, природни и човечки потенцијали.

**Евалуација на трудот број 2:**

***„Имплементација на средствата од Програмата КАРДС во Република Македонија"***

Во презентираниот труд авторот покажува завиден степен на познавање на проблематиката од областа на Европска унија.

Несомнено, констатираме дека авторот на трудот јасно ги претставува различните критериуми за економски и социјален развој коишто треба да бидат исполнети од страна на државите-кандидати и потенцијални држави-кандидати со цел да им се помогне во нивните подготовки за пристапување кон ЕУ.

Во трудот е направен осврт на институционалната и финансиската рамка за помошта наменета за Република Македонија, која од своето осамостојување доби силна поддршка од ЕУ, како најголем донатор на мултилатерална основа.

Финансиската поддршка на Европската унија е достапна и за Република Македонија со цел да ѝ помогне во спроведувањето на политичката и економската реформа, во развојот на нејзиниот пат кон членството на Европска унија, а истовремено и да се соочи со зголемената конкуренција во глобалната економија.

Во продолжение авторот ја прикажува имплементацијата на програмата КАРДС во Република Македонија, каде што главна цел на оваа Програма е поддршка на процесот на стабилизација и асоцијација во Западниот Балкан. Програмата била и останува крајно релевантна за државите од Западен Балкан, бидејќи преку поддршка на процесот на асоцијација и стабилизација се обезбедува поврзување со политичката перспектива на интеграцијата во ЕУ и претставува најзначаен извор на финансиска поддршка за процесите на обнова и реконструкција во сите барани области.

На крајот авторот дава преглед на искористените средства од програмата КАРДС преку приказ на Годишните акциони програми од 2001 до 2006 година и преку реализирани

проекти. Оттука произлегува актуелноста на темата што е предмет на истражување на овој труд.

**Евалуација на трудот број 3:**

***„Имплементација на средствата од Програмата ФАРЕ во Република Македонија”***

Во овој труд авторот ги претставува различните фондови на Европска унија кои имаат цел да ги зајакнат демократските вредности во земјите, како и да ги изградат и унапредат институциите кои ќе ги спроведуваат процесите на нудење на помош од ЕУ фондовите, како би се развил систем кој ќе овозможи полесно користење на структурните и кохезиони фондови по вклучувањето во Европска унија.

Во продолжение авторот ја прикажува имплементацијата на Програмата ФАРЕ која претставува иницијатива на Европската унија во функција на поддршка на развојот на демократијата кај поголема група земји од Централна и Источна Европа, во насока на современа и стабилна Европа. Целта на програмата е подобрување на институциите, администрациите и јавните органи, заради обезбедување правилна примена на законите на Заедницата и за поддршка на нови инвестиции во социјалните и економските сектори, каде што тие се најпотребни (инфраструктурата, деловниот сектор, социјалните мерки). ФАРЕ го постигнува ова доделувајќи неповратна помош за поддршка на земјите-кориснички, со цел да го минат процесот на економската трансформација и да ја зајакнат демократијата до ниво кога тие ќе бидат спремни да ги прифатат обврските што ги носи членството во Европската унија.

Во јули 1996 година, Република Македонија стана полноправна членка со право да ги користи можностите што оваа програма ги нуди. На крајот, авторот дава преглед на искористените средства од програмата ФАРЕ каде што Република Македонија до 2000 год. успеа да искористи 97,79 мил. евра, но во исто време и наведе дека никогош не можеме да бидеме сигурни дали сме можеле како Република да искористиме повеќе од неповратните пари кои ни беа на располагање.

**Евалуација на трудот број 4:**

***„Креаирање онлајн бизнис во периодот по светската економска криза”***

Во овој труд, авторите ставаат посебен акцент на светската економска криза и нејзиното влијание на глобалната економија. Тие нагласуваат дека досегашниот начин на работа, комуникацијата и воспоставување на бизнис релации не е повеќе ефикасен и ефективен и потребно е во најкраток можен временски рок да се изнајдат нови форми на реализација на финансиските и бизнис операции.

Авторите ја анализираат значајноста на информатичко-комуникациските (ИКТ) и интернет технологии (ИТ) и нивната примена во повеќе области од секојдневното живеење.

Во трудот се донесува заклучок дека интернетот и онлајн работењето се покажале како фактори за успешно решавање на проблемите, посебно по светската економска криза.

**Евалуација на трудот број 5:**

***„EU financial support for the Republic of Macedonia”***

Овој труд разработува една многу значајна и актуелна тема, а тоа е улогата на ЕУ како најголема економска, политичка и културна алијанса во светот и нејзиниот стремеж кон финансиска поддршка на земјите во исполнување на критериумите како услов за нивно членство.

Како битни критериуми се наведени функционална пазарна економија, стабилност на институциите, владеење на правото и прифаќање на општи прописи, стандарди и политики кои го сочинуваат корпусот на закони на ЕУ.

Финансиската поддршка на Европската унија е достапна и за Република Македонија со цел да и помогне во спроведувањето на политичката и економската реформа, во развојот на

нејзиниот пат кон членството на Европска унија, а истовремено и да се соочи со зголемената конкуренција во глобалната економија. Меѓутоа, во колкава мерка Македонија ќе биде во можност да ги искористи овие средства и ќе ги употреби за својот општествен и економски развој ќе зависи од апсорпциониот капацитет на земјата и ефикасноста и ефективноста на користењето на фондовите од Европската унија. Оттука произлегува актуелноста на темата што е предмет на истражување на овој труд.

Авторите посветија посебно влијание на имплементацијата на финансиската помош во Р.Македонија и нејзиното користење преку бројни проекти. Тие нагласија дека повеќе од 250 проекти се завршени или се имплементирани во Р.Македонија.

**Евалуација на трудот број 6:**

***„Decrease poverty through entrepreneurship promotion and commencement of family business"***

Во овој труд е анализирана важноста на малите бизниси како движечка сила во транзиционите економии. Засилувајќи го духот на претприемништвото, може значително да се намали невработеноста, а со тоа да се зголеми животниот стандард на населението.

Авторите на трудот, посебно внимание посветуваат на актуелноста на малите или семејните бизниси во Република Македонија. Земајќи ја предвид високата стапка на невработеност, примарна цел на овој бизнис е да се најде соодветна стратегија која би ги елиминирала примарните рестрикции кои вршат опструкција во развојот на претприемачот.

Оваа стратегија би се состоела од програма која би го подобрила неговото образование, подобрување на способностите, промена во начинот на размислување, достапноста до финансиските опции кои ги има итн.

На крајот, авторите заклучуваат дека најбитно е претприемачите да ја разберат суштината, важноста и потенцијалот на семејниот бизнис, со цел подобрување на нивниот животен стандард.

**Евалуација на трудот број 7:**

***„Нестабилноста во еврозоната и можните закани за нејзин колапс"***

Во овој труд, авторите разработуваат и анализираат една многу важна и актуелна тематика, како што е нестабилноста во еврозоната и можните закани за нејзин колапс.

За разлика од глобалната финансиска криза во 2008-2009 година, која беше предизвикана од несолветноста на американските финансиски институции, корените на сегашната еврокриза се резултат на неможноста на некои европски влади да управуваат со своите долгови.

Во трудот, авторите укажуваат на должничката криза која брзо се шири низ еврозоната и се заканува на земји како Грција, Италија, Шпанија, Португалија, со ризик за можен домино-ефект во еврозоната, па и пошироко.

Земјите во развој не треба да седат и да чекаат надлежните институции на ЕУ да ја решат кризата, туку треба да преземат чекори сами да го ограничат ширењето на кризата и да ги поттикнат алтернативните двигатели на растот.

На крајот, авторите константираат дека пронаоѓањето на долгорочно решение треба да биде главна стратегија во справувањето со должничка криза. Од друга страна, развиените земји би требало да демонстрираат лидерство и координација во борбата против европската должничка криза, како прашање на итност.

Кандидатката **м-р Елена Ѓуроска** ги има приложено следниве документи: пријава, диплома за завршени додипломски студии и магистерски студии, биографија, уверение за државјанство, уверение за странски јазик, изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти. Согласно со приложеното, кандидатката не ги исполнила условите наведени во Конкурсот.

Кандидатката **нема** доставено листа на научни и стручни трудови и во својата биографија нема наведено дека има такви трудови.

Кандидатката **Неда Калешовска** ги има приложено следниве документи: пријава, уверение за завршени додипломски студии на е-бизнис, уверение за положени предмети на постдипломски студии и одлука за прифаќање на тема за магистерски труд, биографија, уверение за државјанство, изјава-образец 1 од Комисијата за верификација на факти. Согласно со приложеното, кандидатката не ги исполнува условите наведени во Конкурс от.

Кандидатката во време на доставување на документите на предметниот Конкурс **нема одбрането магистерски труд**, нема доставено листа на научни и стручни трудови, ниту има неведено дека има такви, во својата биографија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека на распишаниот Конкурс за избор на соработник-асистент за научната област **меѓународна економија** на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се пријавиле кандидатите:

- м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева,
- м-р Влатко Пачешкоски,
- м-р Елена Ѓуроска,
- Неда Калешовска.

Кандидатите м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева и м-р Влатко Пачешкоски имаат поднесено комплетна документација која се бараше во Конкурсот и ги исполнуваат условите кои се предвидени за избор во звањето соработник-асистент (имаат завршено магистерски студии, го имаат потребниот просечен успех од студирањето, како и потребните трудови), додека кандидатите м-р Елена Ѓуроска и Неда Калешовска не ги исполнуваат условите кои се предвидени за избор во звањето соработник-асистент според Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања и Законот за високото образование („Сл.весник на РМ" 25/2008).

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност, Комисијата констатира дека кандидатката м-р Марина Радосављевиќ - Бојчева покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа на меѓународна економија. Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатката се потврдува со нејзините објавени научни и стручни трудови. Научноистражувачката работа на кандидатката е континуирана и ја потврдуваат нејзината ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област и проблематиката којашто се однесува на предметот за којшто кандидатката конкурира.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно - научниот совет на Економскиот факулет да му предложи **кандидатката м-р Марина Радосављевиќ-Бојчева да ја избере во звањето асистент за научната област меѓународна економија.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Јанка Димитрова, доцент – претседател, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Мицески, редовен професор - член, с.р.**
**Проф. д-рРисто Фотов, вонреден професор - член, с.р.**

# Т А Б Е Л А

## за вреднување на активностите на Марина Радосављевиќ-Бојчева, според критериумите дадени во Правилникот за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 99 | Број на часови по 0,2 поени за секоја учебна година | 19.8 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Магистерски труд | 1 | 4 | 4 |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br><br>„Креирање онлајн бизнис во периодот по светската економска криза” **(во земјава - меѓународна конференција - 2 поен)**<br>“EU financial support for the Republic of Macedonia” **(во странство - 2 поени)**<br>“Decrease poverty through entrepreneurship promotion and commencement of family business” **(во странство - 2 поени)**<br>„Нестабилноста во еврозоната и можните закани за нејзин колапс” **(во земјава - 1 поен)** | 3<br>1 | во странство 2<br>во земјава 1 | 6<br>1 |
| Прегледен труд (Годишен зборник на Економски факултет)<br>„Имплементација на средствата од Програмата КАРДС во Република Македонија“<br>„Имплементација на средствата од Програмата ФАРЕ во Република Македонија” | 2 | 5 | 10 |
| Учество на научен собир<br>- Учество на Петтата годишна меѓународна конференција за европска интеграција ”Europe after the Lisbon Treaty” **(сертификат за учество)**<br>- Учество на Шестата годишна меѓународна конференција за европска интеграција ”Constructing Europe as a global power: From market to identity?” **(сертификат за учество)** | 1<br>1 | 2<br>2 | 2<br>2 |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | |
| Техничко унапредување<br><br>Учество на работилница на тема „Активно учење во големи студентски групи-невозможност или предизвик?“ | 1 | 2 | 2 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **46.8** | | |